ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 226/2020-4/1
26.11.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА како договорен орган, и тоа Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска, врз основа на чл. 77 став 5 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/2019), на ден 26.11.2020 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

- за измена на одлуката за јавна набавка
СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година и
дообезбедување на средства за реализација
на јавната набавка за поставување на нови ПВЦ прозорци

СЕ ВРШИ измена на Одлуката за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година, на начин што:

во став II од одлуката, во шести ред, по зборовите реконструкција на деловни згради, наместо зборовите: во максимален износ од 203.390,оо (двесте и три илјади триста и деведесет) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 36.610,оо (триесет и шест илјади шестотини и десет) денари, вкупен паричен износ од 240.000,оо (двесте и четириесет илјади) денари,

да стои: во максимален износ од 244.068,оо (двесте четириесет и четири илјади и шеесет и осум) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 43.932,оо (четириесет и три илјади деветстотини триесет и два) денари, вкупен паричен износ од 288.000,оо (двесте осумдесет и осум илјади) денари.

Во останатиот дел, Одлуката за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година, останува неизменета.

Оваа одлука е составен дел на Одлуката за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година.

## О б р а з л о ж е н и е

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА преку ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, во моментот спроведува постапка за јавна набавка, по објавен оглас бр. 16801/2020 од 11.11.2020 година, за изведување на работи на замена на постоечките прозорци и купување и поставување на нови ПВЦ прозорци во судниците I и IV и канцеларија бр. 9 на први и втори кат во судската зграда, а заради подобрување на енергетската ефикасност на објектот.

За реализација на набавката е донесена одлука за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година, со која, а согласно Планот за јавни набавки на судот за 2020 година СУ бр. 45/2020 од 29.01.2020 година, се планирани и одобрени средства со решение на Судскиот Буџетски Совет бр. 01-179/26 од 24.01.2020 година и Решение за измена на решение бр. 01-632/7 од 01.06.2020

година, за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судската власт за 2020 година - реконструкција на деловни згради, во максимален износ од 203.390,оо (двесте и три илјади триста и деведесет) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 36.610,оо (триесет и шест илјади шестотини и десет) денари, вкупен паричен износ од 240.000,оо (двесте и четириесет илјади) денари, кои средства се планирани да бидат обезбедени во целост од сметка 290100082563110 - за приходи финансирани од органи.

По спроведување на електронската аукција на ден 23.11.2020 година, на која се натпреваруваа пет способни понудувачи со негативно наддавање, е постигната најниска вкупна цена, која го надминува износот на максимално обезбедените средства за реализација на јавната набавка согласно Одлуката за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година.

Имајќи го предвид членот 77 став 5 од Законот за јавните набавки, односно фактот што по спроведена анализа, е утврдено дека економски поисплатливо од повторување на постапката е дообезбедување на средства за реализација на оваа јавна набавка, со оглед да постигнатата најниска цена не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со овој закон, судот поднесе барање до Судски буџетски совет на РСМ, за дообезбедување на средства и со решение на Судски буџетски совет бр. 08-1282/2 од 25.11.2020 година, е извршена измена на решението за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судската власт за 2020 година и се одобрени средства во износ од уште 48.000,оо денари, односно за реконструкција на деловни згради - замена на прозорци, наместо претходно одобрените 240.000,оо денари, сега се одобрени парични средства во вкупен износ од 288.000,оо денари со вклучен ДДВ.

Имајќи го предвид сето понапред наведено, следуваше да се изврши измена на одлуката за јавна набавка СУ бр. 226/2020 од 06.11.2020 година, на начин што во став II од одлуката, во шестиот ред, по зборовите реконструкција на деловни згради, наместо зборовите: во максимален износ од 203.390,оо (двесте и три илјади триста и деведесет) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 36.610,оо (триесет и шест илјади шестотини и десет) денари, вкупен паричен износ од 240.000,оо (двесте и четириесет илјади) денари, да стојат зборовите: во максимален износ од 244.068,оо (двесте четириесет и четири илјади и шеесет и осум) денари без ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 43.932,оо (четириесет и три илјади деветстотини триесет и два) денари, вкупен паричен износ од 288.000,оо (двесте осумдесет и осум илјади) денари, а во останатиот дел одлуката за јавна набавка останува неизменета.

Претседател на судот
Љубица Цветковска Стојановска